# *Современ југословенски цртеж*
## *од збирките на МСУ, Скопје*

*Уметничка галерија, Куманово — април 1990*
*Уметничка галерија „Моша Пијаде“, Битола — април 1990*
*Ликовен салон, Титов Велес — мај 1990*
*Уметничка галерија „Безистен“, Штип — мај 1990*
*Дом на културата „Глигор Прличев“, Охрид — август 1990*

Изложбата „Современ југословенски цртеж“ е замислена како средба со дела на автори од различни ликовни средини. Без поголеми претензии во конципирањето, не само поради ограничениот број дела што ги поседува Музејот, туку и заради поголемиот временски распон во настанувањето на цртежите и различната генерациска припадност на уметниците, таа е организирана со цел да понуди делумен пресек на она што се случува на овој план во повоениот период, посебно на случувањата во Македонија.

Затоа е јасно присуството на дел од најстарата генерација ликовни творци (Д. Пандилов и Н. Мартиноски), чии цртачки опуси во педесеттите години се показатели на една творечка зрелост и континуитет. Искуството на Д. Пандилов во рамките на овој медиум е богато и разновидно, па за овие цртежи е специфично што наративниот момент е задржан, но акцентот е ставен на изразната компонента, на динамичната, спонтана линија што ја создаваат севкупната атмосфера, делувајќи на тој начин како миговни записи. Фигуративните композиции на Мартиноски, пак, се одраз на одредени емоционални расположенија, реализирани и деформирани со фина арабеска во молив и во манир на експресионизмот. За разлика од нив, цртежите на П. Лубарда се настанати во најзначајниот период на неговото творештво, во годините што се пресвртница во ликовниот живот на Југославија. Како и во сликите и овде предметот е сведен на алузија и метафора, со ритмувањето и непрекинената експресија и порака.

На преминот кон следната деценија се наоѓа делото на хрватскиот сликар од постарата генерација, И. Ловренчиќ, со фигура на момче која со својата меланхоличност, едноставност во изведбата, на моменти делува невешто за да се открие несовршеноста на нештата. Женската фигура на Р. Лозаноски е, пак, производ на посебната емотивна, психолошка состојба на уметникот, кога тој е во болница и кога се насетува крајот на неговиот живот. Пристапот е реалистички, со фини детали на линеарни партии и затемнети површини, но се чувствуваат и одредени надреални конотации. Робустните, деформирани тела на селани, мајки со деца итн., Д. Коцо ги обликува со една линија, што придонесува за нивната едноставност, грациозност и експресивност.

Творбите на Б. Баретиќ, Љ. Шибеник и Н. Кавуриќ, носат слични белези — фигурација во знак на надреализмот и фантаситката, облици со нагласени линеарни решенија и затемнувања. По својата ликовна естетика и содржина на извесен начин се надоврзува и делото на Д. Лубарда, како симболички отисок на времето во кое живее. Запазувајќи ја иконографијата и морфологијата на своите слики (со органски и геолошки форми), во едниот случај, а во другиот создавајќи една необична композиција од стилизирани и карикирани фигуративни претстави, С. Петлевски, преку извонредниот цртачки ракопис, успева да ја задржи за него каарктеристичната надреална атмосфера. Цртежите на И. Велков, Д. Аврамовски и Р. Анастасов, значајни сликари кои на својствен начин се врзуваат за апстрактните тенденции во шеесетите години кај нас, се во релација со нивните сликарски остварувања — енформелистички, симболички или асоцијативни (пејзажи), посебно преку колористичките интервенции во кои ги вметнуваат линеарните елементи, како моменти што ги доближуваат до овој медиум. Исто така и цртачките творби на С. Ќелиќ одат паралелно со сликарските, од рафинираниот склоп на боените површини на неговите слики, до барањето на рамнотежата на линиите и површините во апстрактниот простор, основа на цртачките, геометриски реализации.

Во седумдесетиите години навлегуваме со делата на Д. Ѓокиќ и Д. Манев, сродни по апстрактните конструкции. Првиот се одликува со минуциозно прецизно комбинирање на разновидните површини и линии, а вториот со играта на спонтаните, колористички и калиграфски записи. Како посебен цртачки талент, со особена фантазија и необичен избор на теми со надреален призвук, се издвојува С. Шемов. Во овој случај тоа е една фигуративна претстава во која визуелниот ефект е постигнат со контрасот на белата линија што се движи по црната геометриски организирана основа. А. Цветковиќ, карактеристичен претставник на ликовните движења на оваа деценија, е најблизок до сензибилитетот на новата фигурација, служејќи се со препознатливи предмети, симболи и знаци, за да ја досегне глобалната визија и идеја. Употребата на шеми, текстови, фотографии и слични материјали се врзува за дефиницијата на синтаксата на концептуалнаат уметност, што е читливо и на цртежот на Дружината од Шемпас, во кој на шематски и сликовит начин се објаснува филозофијата на нивниот живот, пред сѐ, поврзаноста со природата и со земјата како „алма матер“.

Рефлексии од ликовната практика на седумдесетите се насетуваат и во цртежот на Т. Горјуп, чиј инетрес е сведен на еден предмет (чевли), што лебди на неутралната позадина, и ја губи улогата на симбол и знак, јавувајќи се како назнака на извесни егзисетнцијални проблеми. Истото важи и за Ж. Јаки



*Андреј Јемец*
*„Голем цртеж“, 1984*

мовски, којшто својата ангажираност за современата епоха, ја искажува со специфичен цртачки израз, со минуциозна пластична обработка на облиците и впечатливите ефекти со моливот во боја, како и со невообичаениот спој на елементите на цртежот и третманот на просторот. Близок по цртачкиот манир и тематската преокупација е и С. Манев, овој пат преку метаморфозата на човечката фигура во белиот имагинарен простор. Своите импресии од природата (пејзажот како неисцрпен мотив), Ј. Алебиќ ги пренесува со сликарски потег со многубројни линии, исполнувајќи ги маргините на хартијата. В. Василев и Д. Малиданов, слични по својата ектетика и обајцата потврдени во други медиуми (скулптура и графика), во осмислувањето на апстрактно асоцијативните и геометриски композиции ги доведуваат до границата меѓу цртеж и слика, Василев со примената на колажни решенија, Малиданов со нагласените колористички интервенции. Оптичка, арабескна, лапидарна игра на линиите, мултиплицирање, ритам, префинет ликовен израз постигнат со минимални средства, се основните и заедничките обележја на тројцата автори: В. Ташовски, А. Јемец и Д. Перчинков. Првите двајца тоа го прават со спротивставување, испреплетување и поголема динамичност на линиите, додека кај Перчинков тие се доведени во „ред“ со паралелното нижење.

Од една страна изложените цртежи рефлектираат спротивности во тематскиот или ликовниот пристап, потенцирајќи ги индивидуалните определби и сфаќања, од друга страна ја нагласуваат сродноста на одредени автори што е резутат на духовната клима на времето.

*Марика Бочварова Плавевска*



*Ордан Петлевски*
*„Патеписи“, 1965*



*Никола Мартиновски*
*„Венец на злото“, 1953*



*Драгутин Аврамовски*
*„Стари симболи I“, 1965*

Драгутин АВРАМОВСКИ (1931—1986)
1. СТАРИ СИМБОЛИ I, 1965
туш во боја, 48 x 30
Јосип АЛЕБИЌ (1945)
2. МОЧУРИШТЕ, 1983
туш, 45 x 62
Родољуб АНАСТАСОВ (1935)
3. НЕБОТО ИЗВИРА, 1966
туш и темпера, 27 x 48
Бисерка БАРЕТИЌ (1933)
4. НЕДОГЛЕДЕН ОД, 1963
туш, 49,5 x 58
Васил ВАСИЛЕВ (1938)
5. АСОЦИЈАЦИЈА I, 1980
гваш, 98 x 71
Иван ВЕЛКОВ (1930)
6. ЦРТЕЖ I, 1967
комбинирана техника, 99 x 70
Томаж ГОРЈУП (1950)
7. ПРИСУТНОСТ, 1980
туш, 100 x 71
Душан ЃОКИЌ (1943)
8. ЦРТЕЖ XL, 1973
туш, 32,8 x 23
Жарко ЈАКИМОВСКИ (1948)
9. ЦРТЕЖ 82/14, 1982
молив, 70 x 50
Андреј ЈЕМЕЦ (1934)
10. ГОЛЕМ ЦРТЕЖ, 1984
туш, 100, 2 x 70,8
Нивес КАВУРИЌ (1938)
11. Вкусот на расположение, 1963
туш, 70 x 50

Димче КОЦО (1910)
12. ПАЗАРЏИЈА, 1968
фломастер, 29,5 x 21
13. МАЈКА СО ДЕТЕ II, 1968
фломастер, 29,5 x 21
Иван ЛОВРЕНЧИЌ (1917)
14. МОМЧЕ, 1960
јаглен, 92 x 60
Ристо ЛОЗАНОСКИ (1923—1965)
15. ЖЕНА, 1964
туш, 70 x 50
Драган ЛУБАРДА (1933)
16. ’РТЕЊЕ, 1965
туш, 29,5 x 41
Петар ЛУБАРДА (1907—1974)
17. СКИЦА 2, 1952
мастило, 22 x 9,5
18. СТУДИЈА, 1953
туш и темпера, 9,5 x 26
19. СКИЦА, 1953
туш (бајц), 12 x 19
Димитар МАЛИДАНОВ (1946)
20. ЦРТЕЖ I. 1983
комбинирана техника, 63 x 90
Димитар МАНЕВ (1948)
21. ЦРТЕЖ I, 1975
пастел, 51 x 71
Свето МАНЕВ (1945)
22. ИНТЕРВЕНЦИЈА, 1981
молив во боја, 42,5 x 53
Никола МАРТИНОСКИ (1903—1973)
23. ВЕНЕЦ НА ЗЛОТО, 1953
молив, 33 x 37
24. ДРАМА, 1954
молив, 33,5 x 39

Димитар ПАНДИЛОВ (1898—1963)
25. АМАЛИ, 1952
туш, 24,5 x 30,5
26. ЌУМУРЦИИ, 1952/54
туш, 26,7 x 32,5
Душан ПЕРЧИНКОВ (1939)
27. ЛИСТ X-3, 1988
туш, 70 x 50
Ордан ПЕТЛЕВСКИ (1930)
28. ЦРТЕЖ, 1960
туш, 53 x 32
29. ПАТЕПИСИ, 1965
туш, 36 x 48
Веле ТАШОВСКИ (1949)
30. МРЕЖА 33, 1981
туш, 70 x 50
Стојан ЌЕЛИЌ (1925)
31. ЦРТЕЖ ЗА 1966, 1966
туш, 76 x 56
Александар ЦВЕТКОВИЌ (1947)
32. МЕТАРМОРФОЗА БР. 1, 1979
комбинирана техника, 50 x 67
Симон ШЕМОВ (1941)
33. СКОКАЊЕ ВО ОБЛАЦИ I, 1975
молив и креда, 65 x 50
ДРУЖИНАТА ОД ШЕМПАС
34. ТОА Е НАШАТА ДРУЖИНА ВО ШЕМПАС, 1978
туш во боја, 40 x 37 и 41,5 x 37,2
Љерка ШИБЕНИК (1935)
35. ПТИЦА, 1962
туш, 70 x 50

издавач:
музеј на современата уметност
одговорен уредник:
слободанка парлиќ баришиќ
организација на изложбата, предговор
и каталошки податоци:
марика бочварова плавевска
фотографии: блаже мицевски
ликовно обликување:
стефан георгиевски
печат:
графички завод „гоце делчев", скопје
ГИП „гоце делчев", скопје
тираж: 550